**20121343338**

**АГЕНЦИЈАТА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР**

Врз основа на член 15, став (11) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија” бр. 48/10, 23/11 и 80/12), Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И УПАТСТВОТО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА, АНЕКСОТ ЗА ФИНАНСИСКО ПОКРИТИЕ ЗА ОДГОВОРНОСТ ОД ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЈАВЕН ЖЕЛЕЗНИЧКИ ПРЕВОЗ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето и упатството за пополнување на барањето за издавање на дозволата, анексот на финансиско покритие за одговорност од вршење на дејност, формата и содржината на образецот на дозволата, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени дозволи за вршење на јавен железнички превоз.

Член 2

(1) Барање за издавање на дозвола за вршење на јавен железнички превоз се поднесува на образец во А4 формат во бела боја.

(2) Содржината на барањето и упатството за пополнување на барањето од став (1) на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Дозвола за вршење на јавен железнички превоз се издава на образец во А4 формат во бела боја.

(2) Формата и содржината на образецот на дозволата од став (1) на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

(1) Анексот за финансиско покритие за одговорност од вршење на дејност се издава на образец во А4 формат во бела боја.

(2) Формата и содржината на образецот на анексот од став (1) на овој член се дадени во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

(1) Регистарот за издадени дозволи за вршење на јавен железнички превоз се води во пишана и електронска форма, хронолошки според примените барања.

(2) Регистарот од став (1) на овој член се води во форма на книга со димензии 420x297 мм, изработена во тврди корици на евиденциски листови кои се меѓусебно поврзани и нумерирани. На предната страна на регистарот отпечатен е назив: "Регистар за издадени дозволи за вршење на јавен железнички превоз".

(3) Регистарот од став (1) на овој член се води за секоја година посебно.

(4) Содржината на Регистарот е дадена во Прилог 4, кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01-348/1
20 септември 2012 година
Скопје

Агенција за регулирање на
железничкиот сектор
Претседател на Управен одбор,
**Силвана Мојсовска,** с.р.

Прилог 1

ЛОГО НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

До

1.1 Надлежен орган — Агенција за регулирање на железничкиот сектор

1.2 Адреса: ул. “Мито Хаџивасилев Јасмин” бр. 52/1/4,
1000 Скопје,
Република Македонија

Web site: www.arpz.mk

| Архивски број на Барателот: ______ |
|---|
| Датум: ______ |

| Архивски број на Агенцијата: ______ |
|---|
| Датум: ______ |

**Б А Р А Њ Е**

за издавање/измени на Дозвола за вршење на јавен железнички превоз

| | |
|---|---|
| **2.1. Вид на барана дозвола** | |
| Нова дозвола ☐ | |
| Измена на постојната дозвола ☐ | |
| **2.2. Вид на превоз** | |
| Превоз на патници ☐<br>Превоз на стока ☐ | |
| **2.3. Која е досегашната дејност на Барателот** | ______<br>______<br>______ |
| **3. Информации за Барателот** | |
| 3.1. Име на Барателот: ______ | 3.2. Скратен назив: ______ |
| 3.3. Адреса: ______ ______. | |
| 3.4. Телефонски број: ______ | 3.5. Факс: ______ |
| 3.6.E-mail адреса: ______ | 3.7. Веб страна: ______ |

| | |
|---|---|
| 3.8. Матичен број: ______________________ | 3.9. Даночен број: ______________________ |
| 3.10. Други информации: ______________________ ______________________ ______________________. | |
| | |
| **4. Овластено лице за контакт:** | |
| 4.1. Име и презиме: | ______________________ |
| 4.2. Адреса: | ______________________ |
| 4.3.Телефонски број: | ______________________ |
| 4.4. Факс: | ______________________ |
| 4.5.E-mail адреса: | |

Барател

М.П. ______________________

*(име и презиме со печатни букви)*

______________________

*(потпис)*

| **5. ПРИЛОГ кон Барањето** *(Потребна документација која се приложува кон Барањето)* | | |
|---|---|---|
| Документација која се приложува | ДА | НЕ |
| 1. Документ/тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија, не постар од 6 месеци, со кој се докажува дека седиштето на регистрираната компанија е на територија на Република Македонија и со кој се докажува дека компанијата има регистрирано приоритетна дејност - вршење дејноста во железничкиот превоз (со или без влеча на возови или само за влеча на возови); | ☐ | ☐ |
| 2. Документ од Суд со кој се докажува дека не е во тек стечајна/ликвидациона постапка; | ☐ | ☐ |
| 3. Документ од казнена евиденција на Суд со кој се докажува дека Одговорното лице или член на Органот на управување на правното лице во моментот на добивање на дозволата не е правосилно осудено за кривично дело во јавните финансии, платниот промет и стопанството; кривично дело против општата сигурност на луѓето и имотот, кривични дела против работните односи, вклучувајќи ги и кривичните дела кои се однесуваат на безбедност и здравје при работа; сериозни прекршоци врз основа на посебни закони кои се применуваат при превоз, избегнување на царински надзор и неплаќање на царина и други давачки кои се плаќаат во царинската постапка во случаи кога превозникот бара дозвола за меѓународен превоз на стока која подлежи на царинска постапка, додека траат последиците од пресудата или казната односно прекршочната санкција; | ☐ | ☐ |
| 4.1. Информација за економско-финансиската состојба на Барателот издадена од Централен регистар на Република Македонија, за последната година пред поднесувањето на барањето; | ☐ | ☐ |
| 4.2. Годишна завршна сметка, ревидирана од независен ревизор, за последната година пред поднесувањето на барањето и соодветен ревизорски извештај; | ☐ | ☐ |
| 4.3. Документ со кој ќе се види со колкав капитал располага, односно состојба на жиро сметки во банките, како и одредби за гарантирано пречекорување и заеми; | ☐ | ☐ |
| 4.4. Средствата и активата кои се на располагање (листа на трајни средства со кои располага Барателот); | ☐ | ☐ |
| 4.5.Документација за релевантните трошоци, што подразбира трошоците што се направени за купување односно за исплата на сметки за набавка или закуп на железнички возила (соодветни за видот на превоз согласно точка 2.2. од Прилог 1 на овој правилник), земјиште, згради, инсталации и трошоци за одржување на железнички возила; | ☐ | ☐ |
| 4.6. Документ за платени даноци и придонеси, согласно законската регулатива на Република Македонија, за последните три месеци, пред датумот на поднесување на Барањето; | ☐ | ☐ |
| 5.1. Листа на Акционери во компанијата (онака како што е претставено во табела 1 прилог кон Барањето); | ☐ | ☐ |
| 5.2. Листа на Одговорни раководни лица (онака како што е претставено во табела 2 прилог кон Барањето); | ☐ | ☐ |
| 5.3 Документи издадени од институција за вработување со кои ќе се докаже дека Одговорните раководни лица се вработени кај Барателот; | ☐ | ☐ |
| 5.4. Листа на Стручни работници кои ќе го вршат превозот (онака како што е претставено во табела 3 прилог кон Барањето); | ☐ | ☐ |

| | | |
|---|---|---|
| 5.5. Документи издадени од институција за вработување со кои ќе се докаже дека Барателот има вработено стручни работници односно дека има вработено минимум:<br>- 1 дипломиран сообраќаен инженер за железница (VII/1),<br>- 2 машиновозачи, со ССС (IV/V степен)<br>- 2 сообраќајно-транспортни работници односно 2 возоводители (доколку се работи за барање за добивање дозвола за товарен превоз) или 2 кондуктери (доколку се работи за барање за добивање дозвола за патнички превоз), со ССС (IV степен);<br>- 1 советник за безбедност при превоз на опасни материи со валиден сертификат за стручно оспособување. | ☐ | ☐ |
| 6.1. Важечка полиса за осигурување на минимален осигурителен износ од 500.000 евра во денарска противвредност според девизниот курс на НБРМ за покривање на штета настаната по однос на одговорност во вршењето на дејноста во согласност со националното и меѓународното право | ☐ | ☐ |
| 6.2. Писмена изјава на Барателот со која гарантира покривање на штета во случај на несреќа во однос на патниците, багажот, товарот, поштенските пратки, трети лица и околината во согласност со закон и други прописи и со меѓународни договори кои ја обврзуваат Република Македонија. | ☐ | ☐ |
| 7. План за работа (Бизнис план) | ☐ | ☐ |

Табела 1

6.ОДБОР ЗА УПРАВУВАЊЕ ВО КОМПАНИЈА НА БАРАТЕЛОТ, РАКОВОДНИ ЛИЦА И СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ

**6.1. Акционери** во компанијата на Барателот

Наведете податоци за секое лице, кое е во Одборот за управување во компанијата и поседува повеќе од 3% од капиталот. Ако има номинални акции, треба да биде наведено името на бенефицираниот корисник. Се доставува во прилог кон Барањето во облик како што е претставен подолу:

| Име и презиме | Број на акции | Вид на акции | % од вкупниот број на издадени |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |

Табела 2

6. РАКОВОДНИ ЛИЦА

**6.2. Одговорни** раководни лица вработени кај Барателот (во редовен работен однос или ангажирани по договор) кои поседуваат знаење и/или искуство неопходно да вршат сигурна и одговорна оперативна контрола и надзор над превозот, кои се бараат со Дозволата.

Се доставува во прилог кон Барањето во облик како што е претставен подолу:

<table>
<tr><th rowspan="2">Име и презиме</th><th rowspan="2">Звање на работното место</th><th rowspan="2">Работни должности</th><th rowspan="2">Степен и вид на образование</th><th colspan="2">Работно искуство во струката</th><th rowspan="2">Други професионални квалификации, способности и вештини, вклучувајќи и лични квалитети</th></tr>
<tr><th>пред засновање на работен однос кај Барателот</th><th>откога е вработен кај Барателот</th></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>

Табела 3

6. СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ

**6.3.Стручни** работници кои ќе го вршат превозот, вработени кај Барателот (во редовен работен однос или ангажирани по договор) кои можат да обезбедат висок степен на сигурен и безбеден превоз, кој се бара со Дозволата.

Се доставува во прилог кон Барањето во облик како што е претставен подолу:

<table>
<tr><th rowspan="2">Име и презиме</th><th rowspan="2">Звање на работното место</th><th rowspan="2">Работни должности</th><th rowspan="2">Степен и вид на образова ние</th><th colspan="2">Работно искуство во струката</th><th colspan="2">Дозвола за управување на железничко возило</th></tr>
<tr><th>пред засновање работен однос кај Барателот</th><th>откога е вработен кај Барателот</th><th>Број на Дозвола</th><th>Валидна до:</th></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>

**УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО**

**ВОВЕД**

1. Правното лице (во понатамошен текст: Барател) го поднесување барањето за добивање на дозволата во форма на компјутерски обработен текст, кој може да се најде на web страната на Агенцијата за регулурање на железничкиот сектор (во понатамошен текст: Агенција): **www.arpz.mk.** Документите кон барањето се доставуваат во оригинал или копија заверена на нотар. Барателот мора да го следи форматот и формулацијата на формуларот и целокупната документација да ја достави до архивата на:

Агенцијата за регулурање на железничкиот сектор
Улица „Мито Хаџивасилев Јасмин“ бр. 52/1-4
1000 Скопје,
Република Македонија

2. Барањето ќе се смета за примено:

(а) Ако е доставено во архивата на Агенцијата; или

(б) Ако е пратено преку препорачана пошта.

3. Барателот, при поднесување на барањето до Агенцијата, доставува уплатница со уплатени 30.000,00 денари на сметка на Агенцијата, со дознака – барање за добивање на дозвола. Износот и начинот на плаќање на средствата за разгледување на барањето за добивање дозвола се утврдени со тарифник кој го донесува Агенцијата. Ве молиме да не испраќате пари заедно со поднесното барање.

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

Во продолжение на Барањето се доставува Прилог кон Барањето, како потсетник и референтна листа за тоа кои документи мора да бидат приложени како Анекс кон секое Барање (секое поле мора да биде обележано во зависност од конкретниот случај).

За лесно пополнување, секое поле во Барањето има свој број. Во продолжение на ова Упатство следи и објаснување за негово пополнување.

**УПАТСТВО И ОБЈАСНУВАЊЕ ЗА УПОТРЕБА**

| | |
|---|---|
| 1.1.-1.2. | Име на институцијата до која се доставува Барањето е Агенција за регулирање на железничкиот сектор.<br>Електронската адреса на Агенцијата е www.arpz.mk |
| 2.1. | Во ова поле Барателот наведува дали аплицира за нова или за измена на постојната дозвола |
| 2.2. | Во ова поле треба да се наведе видот на превоз за кој се бара дозволата |
| 2.3. | Во ова поле Барателот дава детален опис која е неговата досегашна дејност |
| 3 | Барателот треба да го наведе името на компанијата која ја бара дозволата, со скратен назив, адреса со град и држава, телефонски и факс броеви кои вклучуваат и повикувачки број, веб страна, email адреса, матичен и даночен број на компанијата. |
| 4 | Заради полесна комуникација, Барателот треба да достави податоци за овластеното лице со кое Агенцијата ќе биде во контакт во врска со поднесеното барање, со име и презиме, телефонски и факс број, адреса и email адреса. |
| 5 | Во прилог кон Барањето се доставува побараната докуметација и тоа како што следи, а во прилогот број 5 се обележува дали докуметацијата е доставена. |
| 5.1. | Документ/тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија, не постар од 6 месеци, со кој се докажува дека седиштето на регистрираната компанија е на територија на Република Македонија и со кој се докажува дека компанијата има регистрирано приоритетна дејност - вршење дејност во железничкиот превоз (со или без влеча на возови или само за влеча на возови); |
| 5.2 | Документ од Суд со кој се докажува дека не е во тек стечајна/ликвидациона постапка; |
| 5.3 | Документ од казнена евиденција на Суд со кој се докажува дека Одговорното лице или член на Органот на управување на правното лице во моментот на добивање на дозволата не е правосилно осудено за кривично дело во јавните финансии, платниот промет и стопанството; кривично дело против општата сигурност на луѓето и имотот, кривични дела против работните односи, вклучувајќи ги и кривичните дела кои се однесуваат на безбедност и здравје при работа; сериозни прекршоци врз основа на посебни закони кои се применуваат при превоз, избегнување на царински надзор и неплаќање на царина и други давачки кои се плаќаат во царинската постапка во случаи кога превозникот бара дозвола за меѓународен превоз на стока која подлежи на царинска постапка, додека траат последиците од пресудата или казната односно прекршочната санкција; |
| 5.4.1. | Информација за економско-финансиската состојба на Барателот издадена од Централен регистар на Република Македонија, за последната година пред поднесувањето на барањето; |
| 5.4.2. | Годишна завршна сметка, ревидирана од независен ревизор, за последната година пред поднесувањето на барањето и соодветен ревизорски извештај; |
| 5.4.3. | Документ со кој ќе се види со колкав капитал располага, односно состојба на жиро сметки во банките, како и одредби за гарантирано пречекорување и заеми; |
| 5.4.4. | Средствата и активата кои се на располагање (листа на трајни средства со кои располага Барателот); |
| 5.4.5. | Документација за релевантните трошоци, што подразбира трошоците што се направени за купување односно за исплата на сметки за набавка или закуп на железнички возила (соодветни за видот на превоз согласно точка 2.2. од Прилог 1 на овој правилник), земјиште, згради, инсталации и трошоци за одржување на железнички возила; |

| | |
|---|---|
| 5.4.6. | Документ за платени даноци и придонеси, согласно законската регулатива на Република Македонија, за последните три месеци, пред датумот на поднесување на барањето; |
| 5.5.1. | Листа на Акционери во компанијата; |
| 5.5.2. | Листа на Одговорни раководни лица; |
| 5.5.3. | Документи издадени од институција за вработување со кои ќе се докаже дека Одговорните раководни лица се вработени кај Барателот; |
| 5.5.4. | Листа на Стручни работници кои ќе го вршат превозот; |
| 5.5.5. | Документи издадени од институција за вработување со кои ќе се докаже дека Барателот има вработено стручни работници односно дека има вработено минимум:<br>- 1 дипломиран сообраќаен инженер за железница (VII/1),<br>- 2 машиновозачи, со ССС (IV/V степен)<br>- 2 сообраќајно-транспортни работници односно 2 возоводители (доколку се работи за барање за добивање дозвола за товарен превоз) или 2 кондуктери (доколку се работи за барање за добивање дозвола за патнички превоз), со ССС (IV степен);<br>- 1 советник за безбедност при превоз на опасни материи со валиден сертификат за стручно оспособување. |
| 5.6.1. | Важечка полиса за осигурување на минимален осигурителен износ од 500.000 евра во денарска противвредност според девизниот курс на НБРМ за покривање на штета настаната по однос на одговорност во вршењето на дејноста во согласност со националното и меѓународното право; |
| 5.6.2. | Писмена изјава на Барателот со која гарантира покривање на штета во случај на несреќа во однос на патниците, багажот, товарот, поштенските пратки, трети лица и околината во согласност со закон и други прописи и со меѓународни договори кои ја обврзуваат Република Македонија; |
| 5.7. | План за работа (Бизнис план)<br>Планот за работа треба да даде опис на сите предвидени активности, сите очекувани трошоци и приходи во наредните 12 месеци од започнувањето на вршење на јавен превоз, вклучувајќи ги деталните претпоставки на кои се базирани превидувањата за трошоци и приходи. |

ПОСТАПКА ПО ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ

1. Агенцијата, по поднесувањето на барањето, во рок од 5 работни дена, ќе утврди дали постојат формални недостатоци во поднесената документација односно дали недостасува некој од документите потребни за постапување по поднесеното барање.

2. Ако барањето не ги содржи бараните документи односно Агенцијата утврди формални недостатоци кај доставените документи, Агенцијата ќе го повика Барателот да ги отстрани утврдените недостатоци во рок кој не може да биде подолг од 20 дена, сметајќи од денот на приемот на повикот. На образложено писмено барање од страна на Барателот, рокот може од оправдани причини да се продолжи за уште најмногу 15 дена.

3. Ако Барателот во определениот рок не ги отстрани утврдените недостатоци, Агенцијата ќе донесе решение со кое ќе го отфрли барањето.

4. Доколку Барателот во определениот рок го уреди барањето, Агенцијата ќе пристапи кон одлучување/евалуација по поднесеното барање за добивање дозвола. Во овој случај, Агенцијата одлучува по поднесеното барање во што е можно пократок рок, но не повеќе од три месеци по доставувањето на сите релевантни податоци.

5. Доколку Барателот не ги исполнува условите пропишани со Законот за железничкиот систем и овој правилник, Агенцијата со решение ќе го одбие барањето како неосновано и ќе ги наведе причините за одбивањето.

6. Ако Барателот ги исполнува законски пропишаните услови за добивање на дозволата, Агенцијата писмено ќе го извести и ќе го повика во рок од 15 дена да изврши уплата на износ утврден со тарифник на Агенцијата, на сметка на Агенцијата, со дознака – за издавање дозвола за јавен железнички превоз.

7. По добивањето на доказ за уредно извршена уплата во определениот рок, Агенцијата донесува решение за издавање на дозволата за вршење на јавен железнички превоз и ја издава дозволата на име на Барателот. Издадената дозвола се запишува во Регистарот на издадени дозволи кој го води Агенцијата.

8. Доколку Барателот не постапи по известувањето на Агенцијата во определениот рок од точка 6 на ова упатство, се смета дека Барателот самиот ја прекинал постапката и Агенцијата ќе донесе решение за отфрлање на барањето.

9. Доколку при пополнувањето на формуларот Ви се потребни дополнителни информации, Ве молиме да стапите во контакт со Агенцијата.

**Прилог 2**

**АГЕНЦИЈА ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СЕКТОР**

**ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЈАВЕН ЖЕЛЕЗНИЧКИ ПРЕВОЗ**

---

**1. Држава која ја издава дозволата**

| | |
|---|---|
| Држава | ☐ Нова дозвола ☐ Изменета дозвола |
| Национална дозвола број | Решение број |
| Закон кој е применет | |
| Орган кој ја издава дозволата | Телефон |
| Адреса | Факс |
| Поштенски број и град | E-mail |

**2. Носител на дозволата**

| | |
|---|---|
| Име на превозник | Телефон |
| Адреса | Факс |
| Поштенски број и град | E-mail |
| Матичен број | Даночен број |

**3. Валидност**

| | |
|---|---|
| Валидност од | Вид на услуга<br>☐ превоз на стока<br>☐ превоз на патници |
| Одземена на: | Решение бр: |

**4. Измени на дозвола**

| |
|---|
| Измена на |
| Краток опис за причините за измената |

**5. Услови и обврски**

| |
|---|
| *Тука се наведуваат членовите од Законот за железничкиот систем кои се применети при издавањето на дозволата или ќе се даде референца каде се наоѓа докуметацијата.* |

Дата

______________________

Дозвола – нотификација
број _______________

М.П.

Директор на Агенција за
регулирање на железничкиот сектор

________________________________

Прилог 3

# ДОЗВОЛА

**Осигурување Прилог број ..........**
**Финансиско покритие од одговорност**

**1. Држава која ја издава дозволата**

| | |
|---|---|
| Држава | Орган кој ја издава дозволата |
| Национална дозвола број | Решение број: |
| Закон кој е применет | |

**2. Носител на дозволата**

| | |
|---|---|
| Име на превозник | |
| Матичен број | Даночен број |

**3. Орган кој го одобрува финансиското покритие (ако е различен од органот од точка 1)**

| | |
|---|---|
| Надлежен орган | Телефон |
| Адреса | Факс |
| Поштенски број и град | E-mail |
| Држава | Закон кој се применува |

**4. Финансиското покритие за одговорност**

| | |
|---|---|
| Финансиско покритие, сума во висина од | Еквивалентни мерки (краток опис) |
| Географска покриеност на одговорноста | |
| Важи од | Важи до |

**5. Услови и обврски**

| |
|---|
| *Тука се наведуваат членовите од Законот за железничкиот систем кои се применети при издавањето на дозволата или ќе се даде референца каде се наоѓа докуметацијата.* |

Дата
____________________
Дозвола - нотификација
број ________________

М.П.

Директор на Агенција за
регулирање на железничкиот сектор
______________________________

Прилог 4

## РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЈАВЕН ЖЕЛЕЗНИЧКИ ПРЕВОЗ

| Реден број | Железнички превозник (назив, седиште и единствен даночен број) | Вид на превоз | | Дозвола бр. | Издадена на: | | Изменета на: | | Одземена на: | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Патнички | Товарен | | Датум: | Решение бр. | Датум: | Решение бр. | Датум: | Решение бр. |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |